Акционерско друштво за поштенски сообраќај ПОШТА на Северна Македонија во државна сопственост - Скопје
Shoqata aksionare për komunikacion postar POSTA e Maqedonisë së Veriut
Бр./Nr. 1501-15/179
01-07-2022
Скопје/Shkup

– Сектор за правни работи–

Архивски број: 03-7129/1
Датум: 20 -06- 2022

ДОГОВОР
за јавна набавка на услуги – поштенски услуги до 50 грама

Склучен помеѓу:
1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, со седиште на ул. „Даме Груев“, бр.12 - Скопје, претставувано од Dr. Fatmir Besimi, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган и

2. АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПОШТЕНСКИ СООБРАЌАЈ „ПОШТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ-СКОПЈЕ, со седиште на ул.„Орце Николов“ бр.46, Скопје, претставувано од Васко Стефанов, во својство на генерален директор, во натамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е набавка на поштенски услуги за поштенски пратки со тежина до 50 грама кои постојано се обезбедуваат на целата територија на Република Северна Македонија, за кореспонеденција на пратки во внатрешниот поштенски сообраќај и во меѓународниот поштенски сообраќај со тежина до 50 грама, по спроведена отворена постапка по оглас број 04320/2022, во се според понудата прифатена од договорниот орган и техничките спецификации кои се составен дел на овој договор.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Вкупната максимална вредност на овој договор изнесува 7.500.000,00 денари, без пресметан ДДВ.

Цените за поштенски услуги за поштенски пратки до 50 грама се ослободени од ДДВ.

Вкупната максимална вредност за предметот на набавката е фиксна и непроменлива за целото времетраење на договорот.

Единечните цени за предметот на набавката од член 1 од овој договор се дадени во Прилог 1 кон договорот и тие се фиксни и непроменливи за целото времетраење на овој договор.

## III. РОК, МЕСТО И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

### Член 3

Избраниот носител на набавката има обврска да ја извршува услугата која е предмет на овој договор сукцесивно, во период од 12 (дванаесет) месеци, согласно потребите на договорниот орган.

Носителот на набавката ја презема поштата наменета за поштенски услуги само за поштенските пратки до 50 грама од просториите на Министерството за финансии и Одделенијата за првостепена управна постапка на Управата за имотно правни работи и Трезорските канцеларии при Министерството за финансии (со најмалку едно преземање и достава во текот на еден работен ден, најмалку 5 (пет) работни дена во неделата) и тоа од:

1. Одделенијата за првостепена управна постапка во Скопје и тоа во: Центар, Карпош, Чаир, Кисела Вода и Гази Баба.

2. Одделенијата за првостепена управна постапка во Берово, Битола, Валандаво, Велес, Виница, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Демир Хисар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Крушево, Куманово, Македонски брод, Неготино, Охрид, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Свети Николе, Струга, Струмица, Тетово, Штип и Трезорските канцеларии во Битола, Велес, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Кавадарци, Кичево, Кочани, Куманово Охрид, Прилеп, Струга, Струмица, Тетово, Штип.

Носителот на набавката е должен пратките да ги достави во рок од најмногу 3 (три) работни дена од приемот на пратката.

Рокот за достава на пратките го опфаќа времето од моментот на преземање на пратката од просториите на договорниот орган (секој работен ден од 08.30-16.30) часот до моментот на достава т.е. прием на пратката од примачот.

Носителот на набавката го докажува приемот на пратката од примачот со писмен доказ во кој се содржани датумот на достава на пратката, име и презиме на примачот и своерачен потпис на примачот.

## IV. РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 4

Плаќањето за извршените услуги – предмет на договорот, договорниот орган ќе го врши за извршени услуги на месечна основа, врз основа на доставени фактури и извештај за остварен фактуриран приход за сите извршени поштенски услуги во периодот на кој се однесува фактурата, потпишан од двете договорни страни, во рок до 30 (триесет) календарски денови од приемот на фактурите во писарницата на Министерството за финансии.

Носителот на набавката ќе ги доставува фактурите за извршените услуги до Министерството за финансии и до сите Одделенијата за првостепена управна постапка на Управата за имотно правни работи и Трезорските канцеларии при Министерството за финансии.

Во прилог на фактурите, носителот на набавката задолжително доставува и извештај за остварен фактуриран приход за сите извршени поштенски услуги во периодот на кој се однесува фактурата, потпишан од двете договорни страни.

## V. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 5

Носителот на набавката треба да поседува дозвола/овластување за вршење на предметот на договорот за целото времетраење на договорот.

Член 6

Носителот на набавката е должен да ја врши услугата – предмет на овој договор, во сé според потребите на договорниот орган и согласно рокот утврден во член 3 од овој договор.

Носителот на набавката е должен да обезбеди континуитет во преземањето на пратките, со најмалку едно преземање и достава во текот на еден работен ден, најмалку 5 (пет) работни дена во неделата.

Член 7

Носителот на набавката е должен своите обврски да ги извршува стручно и квалитетно согласно понудата и техничките спецификации кои се составен дел на договорот.

Член 8

Носителот на набавката е должен веднаш по потпишувањето на договорот да достави список со лични податоци на лицата кои ќе бидат ангажирани во извршувањето на услугата.

## VI. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 9

Договорниот орган се обврзува дека ќе определи лица кои ќе ја следат реализацијата на овој договор.

Член 10

Договорниот орган се обврзува дека плаќањето на носителот на набавката ќе го врши во рокот од членот 4 од овој договор.

Член 11

Договорниот орган се обврзува да го извести носителот на набавката за лицата кои ќе бидат задолжени да ја следат реализацијата на овој договор и лица кои ќе вршат предавање на поштата која е предмет на поштенските услуги.

## VII. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 12

Овој договор се склучува за период од 12 (дванаесет) месеци, а влегува во сила од денот на потпишување на договорот од двете договорни страни.

Доколку давател на универзална услуга за обезбедување резервирани поштенски услуги добие ексклузивно право врз основа на закон, подзаконски акт или управен акт објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија", во време на важност на договорот, истиот се смета за раскинат.

## VIII. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 13

Носителот на набавката е должен заедно со потпишаниот договор да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на

договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде во висина од 7% од вкупната максимална вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност.

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма или во електронска форма доколку е издадена како таква од банката во изворно оригинална форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде со важност до целосното реализирање на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде во валутата на која гласи договорот.

Со гаранцијата избраниот економски оператор гарантира дека предметот на договорот ќе го изврши на начинот и според динамиката предвидени во тендерската документација, односно техничката спецификација, доставената понуда и склучениот договор со договорниот орган.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката. Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на економскиот оператор или лично во седиштето на договорниот орган.

Договорниот орган ќе ја наплати гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот и доколку дојде до негово еднострано раскинување поради неизвршување на обврските од договорот од страна на носителот на набавката.

Договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот од банката која ја има издадено доколку носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) не можел да ја изврши набавката што е предмет на овој договор, во кој случај носителот на набавката треба да достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за

неизвршување или ненавремено извршување на набавката, а кое треба да биде писмено прифатено од договорниот орган.

## IX. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 14

Овој договор може да се раскине спогодбено, со согласност на договорните страни.

Член 15

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Член 16

Кога носителот на набавката нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, договорниот орган може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

Ако носителот на набавката не ја исполнил својата обврска во рокот утврден во овој договор или не ја исполнил ниту во дополнителниот кој бил даден од договорниот орган, договорниот орган може да го раскине договорот.

Член 17

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор заради виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови, и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски

заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## X. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 18

Договорот влегува во сила со денот на потпишувањето од страна на двете договорни страни.

Член 19

Сите известувања, барања, согласности, одобрувања и друго треба да бидат во писмена форма.

Член 20

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор спогодбено и согласно со Законот за јавните набавки.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договор потпишан од двете договорни страни.

Член 21

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без заемна писмена согласност.

Член 22

За сé што не е наведено во овој договор директно се применуваат одредбите од Законот за јавните набавки, Законот за облигационите односи и другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

Член 23

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено.

Доколку евентуалните спорови не се решат согласно став 1 на овој член, за истите ќе решава надлежниот суд во Скопје.

Член 24

За секоја обработка на личните податоци во текот на реализацијата на овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Член 25

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои 2 (два) за договорниот орган и 2 (два) за носителот на набавката.

ДОГОВОРЕН ОРГАН:
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
СКОПЈЕ

МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ
Dr. Fatmir Besimi

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА:
АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
ЗА ПОШТЕНСКИ СООБРАЌАЈ
„ПОШТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ
СКОПЈЕ

ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР
Васко Стефанов

Изработил: Петрина Мале
Контолирал: Даниела Јанкова
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: Daut Hajrullahi
м-р Маја Стаменковска Угриновска
Согласен Државен секретар: д-р Јелена Таст

– Сектор за правни работи–

## ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

Министерството за финансии, има потреба од постојана, квалитетна и навремена испорака и достава на поштенски услуги за поштенски пратки до 50 грама на целата територија на Република Северна Македонија и во меѓународниот поштенски сообраќај, и тоа до физички лица, правни лица, единици на локална самоуправа, буџетски корисници и единки корисници и слично.

Управата за имотно – правни работи при Министерството за финансии во рамките на која функционираат 34 (триесет и четири) подрачни одделенија низ целата територија на Република Северна Македонија и Трезорските канцеларии при Министерството за финансии имаат потреба од поштенски услуги и извршувањето на сите услуги наведени подолу е неопходно за нивното непречено функционирање.

Поштенските услуги за поштенски пратки до 50 грама е потребно да го опфаќаат следното:

**1. услуга на прием, пренос, сортирање и дистрибуција (достава) на поштенски пратки за кореспонденција со тежина до 50 грама во внатрешниот поштенски сообраќај и тоа на:**

**1. Писма**
а) стандардизирано писмо до 20 грама
б) нестандардизирано писмо до 20 грама
в) нестандардизирано писмо над 20 грама до 50 грама

**писма обични:**
-писма до 20 грама
-писма над 20 грама до 50 грама

**писма препорачани „R“:**
-писма до 20 грама
-писма над 20 грама до 50 грама

**писма со повратница „AR“:**
-писма до 20 грама
-писма над 20 грама до 50 грама

**2. Мали пакети до 50 грама**
- обични
-препорачани „R“

**3. Други поштенски услуги**
- директна пошта на поштенски пратки до 50 грама;
- печатени работи до 50 грама;
- услуга на преземање пошта од службени простории;
- пратки со лична достава;
- услуга на поштенски фах.

**4. Услуга на прием, пренос, сортирање и дистрибуција (достава) на поштенски пратки за кореспонденција со тежина до 50 грама во меѓународен поштенски сообраќај и тоа:**

- Во европски држави:
1. Писма
а) стандардизирано писмо до 20 грама
б) нестандардизиранписмо до 20 грама
в) нестандардизирано писмо над 20 грама до 50 грама

**писма обични:**
-писма до 20 грама
-писма над 20 грама до 50 грама

**писма препорачани „R“:**
-писма до 20 грама
-писма над 20 грама до 50 грама

**писма со повратница „AR“:**
-писма до 20 грама
-писма над 20 грама до 50 грама

2. Мали пакети до 50 грама
- обични
-препорачани „R“

**- Во останати држави:**

**1. Писма**
а) стандардизирано писмо до 20 грама
б) нестандардизирано писмо до 20 грама
в) нестандардизирано писмо над 20 грама до 50 грама

**писма обични:**
-писма до 20 грама
-писма над 20 грама до 50 грама

**писма препорачани „R“:**
-писма до 20 грама
-писма над 20 грама до 50 грама

**писма со повратница „AR“:**
-писма до 20 грама
-писма над 20 грама до 50 грама

**2. Мали пакети до 50 грама**
- обични
-препорачани „R“

Носителот на набавката е должен предметот на набавка да го извршува сукцесивно, во период од 12 (дванаесет) месеци, согласно потребите на договорниот орган.

Носителот на набавката е должен поштата која е предмет на поштенските услуги (поштенски пратки кои Министерството за финансии ги доставува до крајните корисници, како и поштенските пратки во кои краен корисник е Министерството за финансии) да ја презема само за поштенските пратки до 50 грама од просториите на Одделенијата за првостепена управна постапка на Управата за имотно правни работи и Трезорските канцеларии при Министерството за финансии (со најмалку едно преземање и достава во текот на еден работен ден, најмалку 5 (пет) работни дена во неделата) и тоа од:

1. Одделенијата за првостепена управна постапка во Скопје и тоа во: Центар, Карпош, Чаир, Кисела Вода и Гази Баба.

2. Одделенијата за првостепена управна постапка во Берово, Битола, Валандаво, Велес, Виница, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Демир Хисар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Крушево, Куманово, Македонски брод, Неготино, Охрид, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Свети Николе, Струга, Струмица, Тетово, Штип и Трезорските канцеларии во Битола, Велес, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Кавадарци, Кичево, Кочани, Куманово, Охрид, Прилеп, Струга, Струмица, Тетово, Штип.

Рокот за достава на пратките го опфаќа времето од моментот на преземање на пратката од просториите на договорниот орган (секој работен ден од 08.30-16.30) часот до моментот на достава т.е. прием на пратката од примачот.

Носителот на набавката е должен да обезбеди континуитет во преземањето на пратките, со најмалку едно преземање и достава во текот на еден работен ден, најмалку 5 (пет) работни дена во неделата.

Доказот дека пратката е испорачана (за пратките односно писмата со повратница „AR") задолжително се доставува до договорниот орган истиот ден кога е испорачана, а најдоцна во рок од 48 (дваесет и четири) часа од извршената испорака.

Носителот на набавката е должен услугите – предмет на набавката да ги врши согласно Законот за поштенските услуги, Правилникот за барањата за квалитетот на услугите опфатени со универзалната услуга, параметрите за квалитет и нивното мерење и Правилник за критериумите за пристап до универзалната услуга, со утврдување на подрачјата на единиците на мрежата, на растојание меѓу поштенските единици и број на поштенски сандачиња

Акционерско друштво за поштенски сообраќај
**Пошта на Северна Македонија** во државна сопственост-Скопје
ул. Орце Николов бр.46 - 1000 Скопје
Shoqatë aksionare për komunikacion postar
**Posta e Maqedonisë së Veriut** në pronësi shtetërore-Shkup
rr. Orce Nikollov nr. 46 - 1000 Shkup
*Тел./Tel. 02/3105-105* **www.posta.com.m**

JANI MAKRADULI

Digitally signed by JANI MAKRADULI
DN: c=MK, 2.5.4.97=VATMK-4030997339674, o=AD POShTA NA SEVERNA MAKEDONIJA SKOPJE, ou=AD POShTA NA SEVERNA MAKEDONIJA SKOPJE:4030997339674, givenName=JANI, sn=MAKRADULI, serialNumber=CRT3605203, cn=JANI MAKRADULI
Date: 2022.04.12 12:29:00 +02'00'

До
**Министерство за Финансии**
ул. Даме Груев бр.12
Скопје 1000

Врз основа на огласот објавен од страна на Министерството за финансии, за јавна набавка на поштенски услуги за поштенски пратки со тежина до 50 грама со спроведување на отворена постапка, и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: АД за поштенски сообраќај "Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост - Скопје

I.2. Контакт информации

- Адреса: ул. "Орце Николов" број 46, Скопје
- Телефон: 02 3 105 105
- Лица за контакт:

Тања Илиоска Андреевска, Шеф на Служба за истражување на пазарот и конкуренцијата
е-пошта: tanja.ilioska@posta.com.mk
Дарко Матески, Шеф на Служба за продажба и дистрибуција
е-пошта: darko.mateski@posta.com.mk
м-р Весна Балкоска, Раководител на Сектор за маркетинг и продажба
е-пошта: vesna.balkoska@posta.com.mk
Арлинда Меметај, Директор за маркетинг и продажба
е-пошта: arlinda.memetaj@posta.com.mk

I.3. Одговорно лице: м-р Јани Макрадули, Генерален Директор

I.4. Даночен број: 4030997339674

I.5. Матичен број: 5168678

I.6. Број на жиро сметка: 270051686780172

I.7. Банка депонент: Халкбанк АД Скопје

**Дел II – Техничка понуда**

II.1. Согласни сме да ги понудиме предметните услуги согласно техничката спецификација од тендерската документација.
II.2. Ги прифаќаме рокот, начинот и местото на извршување на услугите утврдени во тендерската документација и моделот на договор.

**Дел III – Финансиска понуда**

**Табела 1: Услуга на прием, пренос, сортирање и дистрибуција (достава) на поштенски пратки со тежина до 50 грама во внатрешниот поштенски сообраќај**

| Опис | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| Стандардизирано писмо до 20 грама | Достава | 1 | 25,00 | Цените се ослободени од ДДВ |
| Нестандардизирано писмо до 20 грама | Достава | 1 | 25,00 | Цените се ослободени од ДДВ |
| Нестандардизирано писмо над 20 грама до 50 грама | Достава | 1 | 25,00 | Цените се ослободени од ДДВ |
| Писмо обично до 20 грама | Достава | 1 | 25,00 | Цените се ослободени од ДДВ |
| Писмо обично над 20 грама до 50 грама | Достава | 1 | 25,00 | Цените се ослободени од ДДВ |
| Писмо препорачано„R“ до 20 грама | Достава | 1 | 73,60 | Цените се ослободени од ДДВ |
| Писмо препорачано„R“ над 20 грама до 50 грама | Достава | 1 | 73,60 | Цените се ослободени од ДДВ |
| Писмо со повратница „AR“ до 20 грама | Достава | 1 | 73,60 | Цените се ослободени од ДДВ |
| Писмо со повратница „AR“ над 20 грама до 50 грама | Достава | 1 | 73,60 | Цените се ослободени од ДДВ |
| Мали пакети до 50 грама обични | Достава | 1 | 24,00 | Цените се ослободени од ДДВ |
| Мали пакети до 50 грама препорачани „R“ | Достава | 1 | 72,60 | Цените се ослободени од ДДВ |
| **ВКУПНО ТАБЕЛА 1:** | | | **516,00** | Цените се ослободени од ДДВ |

**Табела 2: Други поштенски услуги**

| Опис | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| Директна пошта на поштенски пратки до 50 грама | Достава | 1 | 8,00 | Цените се ослободени од ДДВ |
| Печатени работи до 50 грама | Достава | 1 | 4,50 | Цените се ослободени од ДДВ |
| Услуга на преземање пошта од службени простории | Преземање | 1 | бесплатно | Цените се ослободени од ДДВ |
| Пратки со лична достава | Достава | 1 | 73,60 | Цените се ослободени од ДДВ |
| Услуга на поштенски фах | Услуга | 1 | бесплатно | Цените се ослободени од ДДВ |
| **ВКУПНО ТАБЕЛА 2:** | | | 86,10 | Цените се ослободени од ДДВ |

**Табела 3: Услуга на прием, пренос, сортирање и дистрибуција (достава) на поштенски пратки за кореспонденција со тежина до 50 грама во меѓународен поштенски сообраќај - Европски држави**

| Опис | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| Стандардизирано писмо до 20 грама | Достава | 1 | 38,00 | Цените се ослободени од ДДВ |
| Нестандардизирано писмо до 20 грама | Достава | 1 | 44,00 | Цените се ослободени од ДДВ |
| Нестандардизирано писмо над 20 грама до 50 грама | Достава | 1 | 100,00 | Цените се ослободени од ДДВ |
| Писмо обично до 20 грама | Достава | 1 | 44,00 | Цените се ослободени од ДДВ |
| Писмо обично над 20 грама до 50 грама | Достава | 1 | 100,00 | Цените се ослободени од ДДВ |
| Писмо препорачано„R“ до 20 грама | Достава | 1 | 152,00 | Цените се ослободени од ДДВ |
| Писмо препорачано„R“ над 20 грама до 50 грама | Достава | 1 | 208,00 | Цените се ослободени од ДДВ |
| Писмо со повратница „AR“ до 20 грама | Достава | 1 | 152,00 | Цените се ослободени од ДДВ |
| Писмо со повратница „AR“ над 20 грама до 50 грама | Достава | 1 | 208,00 | Цените се ослободени од ДДВ |
| Мали пакети до 50 грама обични | Достава | 1 | 83,00 | Цените се ослободени од ДДВ |
| Мали пакети до 50 грама препорачани „R“ | Достава | 1 | 191,00 | Цените се ослободени од ДДВ |
| **ВКУПНО ТАБЕЛА 3:** | | | 1320.00 | Цените се ослободени од ДДВ |

**Табела 4: Услуга на прием, пренос, сортирање и дистрибуција (достава) на поштенски пратки за кореспонденција со тежина до 50 грама во меѓународен поштенски сообраќај - Во останати држави**

| Опис | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| Стандардизирано писмо до 20 грама | Достава | 1 | 38,00 | Цените се ослободени од ДДВ |
| Нестандардизирано писмо до 20 грама | Достава | 1 | 48,00 | Цените се ослободени од ДДВ |
| Нестандардизирано писмо над 20 грама до 50 грама | Достава | 1 | 130,00 | Цените се ослободени од ДДВ |
| Писмо обично до 20 грама | Достава | 1 | 48,00 | Цените се ослободени од ДДВ |
| Писмо обично над 20 грама до 50 грама | Достава | 1 | 130,00 | Цените се ослободени од ДДВ |
| Писмо препорачано„R“ до 20 грама | Достава | 1 | 156,00 | Цените се ослободени од ДДВ |
| Писмо препорачано„R“ над 20 грама до 50 грама | Достава | 1 | 238,00 | Цените се ослободени од ДДВ |
| Писмо со повратница „AR“ до 20 грама | Достава | 1 | 156,00 | Цените се ослободени од ДДВ |
| Писмо со повратница „AR“ над 20 грама до 50 грама | Достава | 1 | 238,00 | Цените се ослободени од ДДВ |
| Мали пакети до 50 грама обични | Достава | 1 | 83,00 | Цените се ослободени од ДДВ |
| Мали пакети до 50 грама препорачани „R“ | Достава | 1 | 191,00 | Цените се ослободени од ДДВ |
| **ВКУПНО ТАБЕЛА 4:** | | | 1456.00 | Цените се ослободени од ДДВ |

**Збирна табела**

| **Вкупно за услугите наведени во Табелата 1, без ДДВ** | **Вкупно за услугите наведени во Табелата 2, без ДДВ** | **Вкупно за услугите наведени во Табелата 3, без ДДВ** | **Вкупно за услугите наведени во Табелата 4, без ДДВ** |
|---|---|---|---|
| 516,00 | 86,10 | 1320,00 | 1456,00 |
| **Вкупна понудена цена за услугите наведени во табелите 1, 2, 3 и 4 (без ДДВ):** | 3378,10 | | |

Вкупната цена на нашата понуда, без пресметан ДДВ, изнесува: 3378,10 *(со бројки)*, триилјадитристаседумдесетиосум денари и десет дени *(со букви)*. Цените се ослободени од ДДВ.

III.2. Нашата понуда важи 120 дена (најмалку 120 дена).

III.3. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

III.4. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме одредбите дадени во моделот на договор за јавна набавка.

Место и датум

Скопје, 2022

**АД за поштенски сообраќај**
**"Пошта на Северна Македонија"**
**во државна сопственост – Скопје**
**Одговорно лице**
**Генерален Директор**
**м-р Јани Макрадули**

*Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.